**Година 2002,** септември **, број 9**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## 2002/2003

На прагот сме на новата учебна година и новите предизвици. Да направиме се нашите напори да вродат со плод.

## ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

Во текот на летото е извршена пререгистрација на Машинскиот факултет со усогласување со Законот за високо образование и Статутот. Од името на факултетот е отстрането РО (работна организација).

## ЦИРКО

Центарот за истражување, развој и континуирано образование на Факултетот е регистриран со сите обележја на посебно правно лице. Следи донесување на неговите внатрешни акти и заживување низ почетните активности.

## УПИС

На Машинскиот факултет во Скопје во прва година во учебната година 2002/2003 се запишаа 187 студенти. Распоредот по насоки е следен: ПМ - 32 ; МВ - 35 ; ММ - 6 ; ЗЗК - 12 ; ЖМ - 2 ; ТТиТЕ - 17 ; ХПА - 22 ; ЕМИЕ - 16 ; ИИ - 45.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МФ со SINTEF-Норвешка потпиша меморандум на разбирање за соработка во областа на истражувањето и развојот поврзани со малите и средни претпријатија. Проектот е финансиран од Норвешкото министерство за надворешни работи.

## ШЕСТА РАМКОВНА ПРОГРАМА НА ЕУ И НАТО

Излегоа приоритетните тематски области во 6-тата рамковна програма на ЕУ и НАТО. Повеќе детали кај продеканот за наука.

## CORDIS

Брошурата CORDIS FOCUS е поделена на сите членови на управата на МФ. Заинтересираните нека се обратат до членовите на управата.

## ПРИМЕНЕТИ АКТИВНОСТИ

**UNITED NATIONS**

World Forum for Harmonization

of Vehicle Regulations (WP. 29)

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

40/B Faculty of Mechanical Engineering

Karpos II bb

1000 Skopje

Машинскиот факултет се појави на листата на овластени институции за меѓународно признаени хомологациски испитувања на возилата по оделни ECE правилници. Листата ја издаде Светскиот форум за хармонизација на прописите од областа на возилата (WP29) при економската комисија за Европа при Обединетите Нации, во документот TRANS/WP.29/343/Rev.10/Amend.1 од 19 Јуни 2002.

## БИБЛИОТЕКА

Набавени се примероци од следниве книги:

1. Kroll, K. Torcknen und Trockner in der Produktion, Berlin, 1989
2. Electronic Steering and Suspensions Systems, Warrendale, 1999
3. Electronic Braking, Traction and Stability Control, Warrendale, 1999
4. Hisrich, R. Entrepzeneurship, Boston, 1998
5. Automotive Handbook, Stuttgart, 2000
6. Automotive Electrics and Electronics, Stuttgart, 1999
7. Mechatronic, Warrendale, 2000.

## ОБНОВА НА КОМПЈУТЕРСКАТА МРЕЖА

Во тек на месец август и септември е извршена обнова на мрежата во зградата и анексот. Со тоа е отстранета старата BNC конекција и е преминато на постабилна врска.

## П Е Н З И Ј А

Од 1. 10. 2002, проф. д-р Наум Целакоски заминува во пензија.

**Искрени честитки и пријатни пензионерски денови.**

## ИЗБОР ВО ПОВИСКО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ

1. Во редовен професор, д-р Климент Тримчевски
2. Во вонреден професор, д-р АтанаскоТунески
3. Во доцент, д-р Алекса Малчески
4. Во помлад асистент, дипл.маш.инж. Мицкоски Христијан

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Делчо Јовановски, студиски престој во Штудгарт - Германија. Реализација на заеднички научно истражувачки проект со партнерот од Германија. 01.07 до 01.09.2002
2. Доцент д-р Зоран Пандилов реализира студиски престој на Католичкиот Универзитет во Лувен на Одделот за производно инженерство, проектирање на машини и автоматизација во Лувен, Белгија во периодот од 05.05.2002 до 31.07.2002 година.
3. Проф. д-р Методија Мирчевски во периодот 20-26.08.2002 година оствари работна средба со колегите од катедрата за механика на флуиди на Машинскиот факултет во Подгорица, СРЈ.
4. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски, во периодот 20-22.08.2002 остварија посета на фирмите Вијатир од Љубљана и РТИ од Марибор заради проширување на соработката од обласста на хомологација на моторни возила.
5. Проф. д-р Томислав Златановски, учество на WORKSHOP, Софија,Бугарија, 9-12.09.2002 година.
6. Проф. д-р Љубен Дудески и проф. д-р Миле Димитровски дваесет дневен студиски престој заради остварување на контакти за соработка на Scool of Engineering Science at Simon Fraser University, Бурнабу, во Канада.
7. Проф. д-р Јован Гочев, дваесет дневен престој во Кина заради прием на опрема за ХЕЦ Козјак.
8. Асс. д-р Никола Тунески од 20.08.2002 до 28.08.2002 учествуваше на "International Conference of Mathematicians" во Пекинг, Кина.
9. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, студиски престој во Данска, на докторски студии.
10. Асс. м-р Ѓорѓи Аџиев, научно истражувачка соработка со МФ-Белград од 20.09.2002 до 21.09.2002.

## ТРЕТ УПИСЕН РОК

**Пријавување:**
23.09.2002

**Приемни испити:**
Математика
24.09.2002
Физика или Техничка механика и јакост
25.09.2002

**Објавување на решение за прием на кандидати**
27.09.2002

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.09.2002**
**21 СЕДНИЦА НА ННС**

**01.10.2002**
**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**31.10.2002**
**22 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***


**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*